РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
УП 1 Бр. 08-325
24.06.2016 година
Скопје

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 2, член 20 став 1 алинеја 10, а во врска со член 76 став 7 и член 24 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 15 став 1 алинеја 2, член 39 став 1 алинеја 10 и член 51 став 3 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, во врска со поднесеното Барање за доделување дозвола без објавување на јавен конкурс, на локално ниво, бр.08-325 од 02.06.2016 година со дополнување на Барањето, бр.08-325 од 20.06.2016 година, Известување Уп1 бр.08-325 од 24.06.2016 година и Заклучокот бр.02-3256/3 од 24.06.2016 година, на својата 24-та седница одржана на 24.06.2016 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за доделување дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на локално ниво

1. СЕ ДОДЕЛУВА дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на албански јазик и на македонски јазик, на локално ниво – Општина Кичево, Општина Пласница и Општина Македонски Брод, на Мунир Мехдиу од с.Зајас, Кичево.

2. Телевизискиот програмски сервис од став 1 на оваа точка ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

3. Дозволата од точка 1. на оваа Одлука, се доделува за временски период од 9 (девет) години.

4. По приемот на оваа Одлука за доделување дозвола, лицето Мунир Мехдиу од с.Зајас, Кичево, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, треба да регистрира трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар.

Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од лицето Мунир Мехдиу од с.Зајас, Кичево, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, ќе плаќа годишен надоместок на сметка на Агенцијата, за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

5. Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од лицето Мунир Мехдиу од с.Зајас, Кичево, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, се обврзува да започне со вршење на дејноста најдоцна до 30.06.2016 година.

Во случај на непочитување на рокот за започнување со вршење на дејноста наведен во став 1 на оваа точка од Одлуката, Агенцијата ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

6. Оваа Одлука е конечна и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

# О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 76 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), доделува дозвола за телевизиско или радио емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, за која не се распишува јавен конкурс и дозволата се доделува по барање на заинтересирана страна на начин и постапка утврдени со напред цитираниот Закон.

Мунир Мехдиу од с.Зајас, Кичево, на ден 02.06.2016 година до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднесе Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс, бр.08-325, за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на албански јазик и на македонски јазик, на локално ниво – Општина Кичево, кој ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс. Согласно Правилникот за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси, бр.01-5778/1 од 21.11.2014 година, подрачја за емитување на локално ниво на телевизиски програмски сервис преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, се Општина Кичево, Општина Пласница и Општина Македонски Брод.

По приемот на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс, беше констатирано дека истото не ги содржи сите податоци согласно член 76 ставови 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со оглед на тоа, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 76 став 6 од истиот Закон, на ден 16.06.2016 година, го извести подносителот на барањето Мунир Мехдиу и го задолжи во рок од 10 (десет) дена, од денот на приемот на известувањето, да го дополни Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс бр.08-325 од 02.06.2016 година. Подносителот на барањето Мунир Мехдиу, уредно и во дадениот рок од страна на Агенцијата го дополни барањето, кое дополнување го достави до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 20.06.2016 година.

По разгледување на доставеното дополнување бр.08-325 од 20.06.2016 година на поднесеното Барање за доделување дозвола без објавување јавен конкурс бр.08-325 од 02.06.2016 година, а согласно член 76 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се утврди дека предметниот барател ги исполнува условите и обврските утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на овој Закон, како и тоа дека на барателот Мунир Мехдиу од с.Зајас, Кичево, не му е одземена дозвола за телевизиско или радио емитување во последните 5 (пет) години.

По приемот на оваа Одлука за доделување дозвола, лицето Мунир Мехдиу од с.Зајас, Кичево, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, треба да регистрира трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар. Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од лицето Мунир Мехдиу од с.Зајас, Кичево, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, ќе плаќа годишен надоместок на сметка на Агенцијата, за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата. Начинот на пресметка, фактурирање и наплата на надоместокот за дозволата за телевизиско емитување по барање преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс ги утврдува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 80 од напред цитираниот Закон и согласно Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-6222/1 од 12.12.2014 година.

Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од лицето Мунир Мехдиу од с.Зајас, Кичево, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, се обврзува да започне со вршење на дејноста најдоцна до 30.06.2016 година, така што во случај на непочитување на рокот за започнување со вршење на дејноста, согласно член 82 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на сето погоре наведено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 24-тата седница, одржана на 24.06.2016 година, донесе Одлука како во диспозитивот, која е конечна и по нејзиното донесување ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против оваа одлука Барателот за доделување дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа, може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.